Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-792/1
27.05.2024 год.
ОБЛЕШЕВО

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА, ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ
Перблаг доо
Бр. 009/05/2024
27.05.2024 год.
Кочани

ДОГОВОР
За јавна набавка

Склучен на ден: 27.05.2024 год., помеѓу:

1. **Општина Чешиново-Облешево**, застапувана од Градоначалникот Далибор Ангелов , во натамошниот текст-Набавувач и
2. **Друштво за трговија производство и услуги „ПЕРБЛАГ“ ДОО Кочани**, застапувано од Управителот Блага Сенесова , во натамошниот текст- Носител на набавката.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е: - ***Набавка на градежни материјали, сукцесивно за период од една година,*** врз основа на спроведената Поедноставена Отворена Постапка со објавување на оглас бр.07356/2024 и во Сл.весник на РСМ бр.93/2024 .

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-642/1, изработена од Набавувачот, а по Одлука за јавна набавка бр.09-641/1 од 22.04.2024 год., за спроведување на Поедноставена отворена постапка, со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на прифатена конечна понуда по е-аукција бр.05-711/3 од 07.05.2024 год., поднесена од Носителот на набавката , по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр. 07356/2024 објавен на ЕСЈН на ден 22.04.2024 год., и во „Службен весник на РСМ“ бр.93/2024 , а врз основа на Одлуката за избор на најповолна понуда број 09-742/1 од 13.05.2024 година, донесена од одговорното лице на Набавувачот.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупниот износ на единечните цени од набавката е добиен по пат на поднесена понуда и спроведена електронска аукција и изнесува вкупно **=43.742,00 денари (без ДДВ** (четириесетитриилјадииседумстотиничетириесетидваденари) збир од сите поединечни ставки опишани во спецификацијата составен дел од понудата,без пресметан ДДВ.

За предметната набавка се планирани финансиски средства во **вкупен износ до 600.000,00** денари (шестотинииљадиденари) без пресметан ДДВ.

Средствата се обезбедени од Буџетот на општина Чешиново-Облешево.

Договорниот орган не е обврзан да ја искористи целокупната сума, односно ќе се искористат стоки и услуги до планираната вредност на јавната набавка (600.000,00 ден., без ДДВ) , имајќи во предвид дека јавната набавка е сукцесивна, а и потребите на Договорниот орган не се за употреба на сите стоки и услуги, односно не се практикува и не се случува во тековното работење да се користат сите наведени стоки и услуги. Описите во техничките спецификации се дадени со цел да се добијат цени по кои Договорниот орган може да ги набави стоките и услугите кои евентуално ќе му бидат потребни.

Набавката ќе биде сукцесивна, за стоки , количини и услуги според потреба на Набавувачот.

- ДО го задржува правото Договорот да не го реализира во целост туку во зависност од потребите.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Договорот се склучува на определено време (за набавка на стоки во текот на една година) , сметано од потпишување на договорот.

ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 4

Набавката е сукцесивна , за количини, стоки и услуги по потреба на Набавувачот во текот на една година.

Испораката ќе се врши суксецивно, по потреба на договорниот орган) во рок од 1 ден) во временски период од 12 месеци (365 дена), сметано од денот на склучување на договорот , по претходна нарачка , писмено барање од страна на договорниот орган, кое ќе содржи вид на стоките согласно техничката спецификација (понудата).

- ДО го задржува правото Договорот да не го реализира во целост туку во зависност од потребите.

Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган и плаќањето ќе биде исклучиво за стоки кои се нарачани и набавени .

ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Во случај на доцнење со достава на предметната набавка, од страна на Носителот на набавката, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна во висина од 0,1% дневно, од вредноста на договорот.

Во случај на примена на ставот 1 од член 5, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на набавувачот.

Набавувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување, ако го примил исполнувањето на обврската, а не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

Доколку Носителот на набавката доцни со исполнување на обврската, покрај правото на надомест на штета и договорна казна-пенали, Набавувачот има право едностранo да го раскине Договорот и да склучи Договор со следниот рангиран понудувач, доколку понудата е прифатлива.

ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

Член 6

При изготвување на фактурата Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на Набавувачот, место, седиште , даночен број

-Број и датум на Договорот по кој се извршува работата

-Количини со опис на стоките и услугите, дефинирани по елементи од Спецификацијата, предмет на набавката

-Единечни договорни цени на секој елемент на набавката

-Вкупни цени по елементи

-Вкупна цена на фактурата

-Пресметка на ДДВ и Валута на планирање

НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Набавувачот се обврзува плаќањето на преземената стока да го врши во рок од 60 (шеесет) дена по доставување на фактура и испратница (уредно потпишана од Набавувачот и Носителот на набавката) за извршен прием на стоката и услугата.

Фактурата ќе се достави до Нарачателот во примерен рок по достава на стоките и извршената услуга, уредно потпишана од Нарачателот и Носителот на набавката.

Плаќање ќе се врши исклучиво за стоки и услуги кои се нарачани и добиени (извршени).

КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 8

Квантитативен и квалитативен прием на примената стока врши набавувачот со увид и контрола на лице место од двете договорни страни и во присуство на стручно лице. Испитувањето на квалитетот и квантитетот се врши визуелно уште со примопредавањето на договорените стоки.

Член 9

Набавувачот може да изврши и дополнителни контроли на квалитетот на работите со дополнителни независни испитувања и контроли на квалитетот кај овластена институција доколку смета за потребно или се сомнева во квалитетот на примените стоки.

ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

Член 10

Материјален недостаток постои ако:

-Стоките според понудата ги немаат потребните својства за намената за која се извршуваат,

-Стоката ги нема својствата и одликите што се договорени –пропишани во техничката спецификација,

-Кога Носителот на набавката вградил стока која не одговаар на техничките карактеристики прифатени од негова страна.

Член 11

Набавувачот е должен доколку открие одредени недостатоци на примената стока веднаш или најдоцна во рок од 08 (осум) дена да го извести Носителот на набавката. Во спротивно, Носителот на набавката нема да одговара за недостатоците.

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на испорачаната стока.

ВИША СИЛА

Член 12

Набавувачот и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна странка да не поднесува одговорност-губиток, доколку се работи за губиток предизвикан од виша сила, согласно утврдените случаи на виша сила со Законот за Облигациони односи.

ОШТЕТУВАЊЕ

Член 13

Носителот на набавката е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата предизвиката поради неисправност или недостатоци на предметната

набавка, согласно Законот за Облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 14

Сите евентуално настанати спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, Договорните страни првенствено ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не постои добро расположение за решавање на спорот, во рок од 10 дена истиот ќе биде препратен на решавање преку арбитражна комисија која ја сочинуваат 3 лица.

Комисијата ја сочинуваат по едно избрано лице од страна на Набавувачот, едно лице од Носителот на набавката, а третиот член го избираат двете договорни страни од редот на Арбитражниот суд на Стопанска комора на РСМ.

Доколку и арбитражната комисија не предложи обострано прифатливо решение, спороте ќе се решева преку Основниот суд во Кочани.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Кога едната страна не ги исполни обвските од овој Договор, другата договорна страна може да го раскине Договорот, со достава на писмено известување до другата договорна страна со наведување на причините за раскинувањето.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 16

Договорните страни се согласни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на Договорот.

ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 17

За се што не е предвидено во овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи на РСМ.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, исклучиво со Анекс Договор кој одговара на Законот за јавни набавки и Тендерската документација.

Член 20

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

НАБАВУВАЧ,
Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник,
Далибор Ангелов

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
ДТПУ„ПЕРБЛАГ“ ДОО Кочани
Управител,
Блага Сенесова

Прилог:Понуда со Спецификација бр.05-711/3 од 27.05.2024 год.
Изготвил:Љијанка Андонова

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА, ПРОИЗВОДС
И УСЛУГИ
Перблаг доо
Бр. 009/05/202
27.05.202
Кочани

Прилог 1 - Образец на понуда

[меморандум на понудувачот]

Врз основа на огласот број 07356/2024 објавен од страна на Општина Чешиново-Облешево з доделување на договор за јавна набавка за - *Набавка на градежни материјали, сукцесивно з период од една година,* со спроведување на Поедноставена отворена постапка, со електронск аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и н тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕ
Примено 27. 05. 20
Орг. единица | Број | Прилог | В
05 | 7411 | 3

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: Друштво за трговија, производство и услуги ПЕРБЛАГ увоз-извоз ДО
Кочани
I.2. Контакт информации
- Адреса: ул. [illegible] бр.43 Кочани
- Телефон: [illegible]
- Факс: _____
- Е-пошта: [illegible]
- Лице за контакт: [illegible]

I.3. Одговорно лице: [illegible]
I.4. Даночен број: [illegible]
I.5.Матичен број: [illegible]
I.6.Жиро сметка: [illegible]

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги изработиме следниве стоки : - *Набавка на градежни материја сукцесивно за период од една година*

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на изведување утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

III.1. Нашата понуда за набавка на стоки : *Набавка на градежни материјали, сукцесивно период од една година,* вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без пресметан ДДВ: **43742 (четириесет и три илјади седумсто четириесет и два)** денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува **7873,56** денари.

III.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласув со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
III. 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени тендерската документација.

Место и датум
Кочани 27.05.2024

Одговорно лице
Блага Сенесова
(потпис и печат)

ТРГОВИЈА, ПРОИЗВОДСТВО И УС
УВОЗ-ИЗВОЗ
Перблаг
ДОО
Кочани

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигит сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*
Доколку понудата ја потпишува овластено лице од понудувачот, задолжително приложува Овластување за потпишува

КОРЕГИРАНИ ЦЕНИ ПО ЗАВРШЕНА Е-АУКЦИЈА

Техничка спецификација за - Набавка на градежни материјали,сукцесивно за период од една година

р.б	Вид на набавка	Единечна мера	Количини	Ед.цена без ДДВ	Вкупна Цена без ДДВ
1.	Дрвена чамова, сува чамова граѓа со влажност од 14-16% Греди,од минимум дебелина 8см,широчина 10 см и должина 4м	м3	1	16463,84	16463,84
2.	Дрвена чамова, сува чамова граѓа со влажност од 14-16% Греди, од минимум дебелина 10см, широчина 12 см и должина 4м	м3	1	16595,79	16595,79
3.	Ламинат дебелина 8мм и 10мм	М2	1	576,46	576,46
4.	Дрвена чамола, сува чамова граѓа со влажност од 14-16% Летви, минимум дебелина 2,5 см, широчина 5см и должина 4м	М	1	73,93	73,93
5.	Цемент CEM II/B-M (V-P-L) 42,5 N Стандард МКС EN 197-1:2012 (или еквивалентно) (пакување од 25 до 50 кг)	Кг	1	14,04	14,04
6.	Зидарски цемент - за малтерисување (пакување од 25 до 50 кг)	Кг	1	13,10	13,10
7.	Смеса за глетување на ѕидови (смеса за израмнување на внатрешни површини) (пакување од 10 до 30 кг)	Кг	1	21,52	21,52
8	Глинени Керамиди за покривање на кров (минимум 12 парчиња во 1м2)	Бр	1	57,08	57,08
9	Керамички капак за затварање на било на кров (фалцован капак)	Бр	1	194,65	194,65
10	Железо ф Р.А. 10 400/500-2	Кг	1	127,27	127,27
11	Железо ф Р.А. 12 400/500-2	Кг	1	128,21	128,21
12	Шајки L=10cm	Кг	1	140,37	140,37
13	Лим пластифициран Со минимум дебелина од 1,5мм, широчина 1,25м, должина 2м	м2	1	357,48	357,48
14	Поцинкован лим Со минимум дебелина од 1,5мм,	м2	1	325,66	325,66

	широчина 1,25м, должина 2м				
15	Профили (цефки со квадратен пресек) 20/20 x 2 mm со должина од минимум 6 метри од челик со квалитет S 275 JR согласно МКС EN 10027-1:2009 МКС EN 10027-2:2009 МКС EN 10025-1:2006 (или еквивалентно)	бр.	1	733,68	733,68
16	Профили (цефки со квадратен пресек) 25/25 x 2 mm со должина од минимум 6 метри од челик со квалитет S 275 JR согласно МКС EN 10027-1:2009 МКС EN 10027-2:2009 МКС EN10025-1:2006 (или еквивалентно)	бр.	1	845,04	845,04
17	Профили (цефки со квадратен пресек) 30/30 x 2 mm со должина од минимум 6 метри од челик со квалитет S 275 JR согласно МКС EN 10027-1:2009 МКС EN 10027-2:2009 МКС EN10025-1:2006 (или еквивалентно)	бр.	1	955,47	955,47
18	Профили (цефки со правоаголен пресек) 40/30 x 2 mm со должина од минимум 6 метри од челик со квалитет S 275 JR согласно МКС EN 10027-1:2009 МКС EN 10027-2:2009 МКС EN10025-1:2006 (или еквивалентно)	бр.	1	1167,90	1167,90
19	Набавка на поликолор пакување од 25 кг)	Кг	1	73,93	73,93
20	Набавка на бои и лакови	Кг	1	338,77	338,77
21	Набавка на гипс плочи (стандард со дебелина од 9 до 12 мм,со транспорт до 15 км)	М2	1	248,93	248,93
22	Набавка на мрежа за оградување (стандард)	М2	1	222,72	222,72
23	Набавка на мрежа за бетонирање (стандард)	М2	1	227,40	227,40
24	Набавка на керамички блок 25/25/12 цм, класа 1, со транспорт до 15 км	Парче	1	57,08	57,08

25	Набавка на дробен камен со фракции за бетонирање , со транспорт до 15 км 8-16мм	М3	1	1882,87	1882,87
26	Набавка на сепариран песок	М3	1	1898,77	1898,77

Вкупна цена без ДДВ:..... **43742,00** денари

Понудувач:
Друштво за трговија, производство и услуги
ПЕРБЛАГ увоз-извоз ДОО Кочани

Изготвил:Далибор Арсов